# Службен весник на Република Македонија

**Број 211** **1 декември 2016, четврток** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4713. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и шеф на мисијата на Република Македонија при Европската Унија ......... | **2** |
| 4714. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Музеј на Македонија - Скопје........... | **2** |
| 4715. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државен студентски дом Скопје.................................. | **2** |
| 4716. | **Список** на поставени постојани судски преведувачи............................ | **3** |
| 4717. | **Правилник** за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот ......... | **9** |
| 4718. | **Правилник** за формата и содржината на барањето и начинот на издавање на мемориски картички.......... | **13** |
| 4719. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.87/2015 од 9 ноември 2016 година .................. | **22** |
| 4720. | **Решение** за бришење на акционерското друштво од Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување .......................... | **24** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-104** |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4713.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ШЕФ НА МИСИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

I

Г. Андреј Лепавцов се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и шеф на мисијата на Република Македонија при Европската унија, со седиште во Брисел.

II

Должноста на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и шеф на мисијата на Република Македонија при Европската унија престанува заклучно со 10.1.2017 година.

III

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 51
30 ноември 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4714.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.11.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив и опис на движните ствари | Инвентарен број | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Парочистач | 506 | 1 |
| 2 | Минибокс аспиратор | 506/1 | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Националната установа Музеј на Македонија - Скопје.

Член 3

Директорот на Управата за заштита на културното наследство, склучува договор со директорот на Националната установа Музеј на Македонија - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8406/1
23 ноември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**4715.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.11.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државен студентски дом Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/14).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8489/1
23 ноември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**4716.**

## С П И С О К
## НА ПОСТАВЕНИ ПОСТОЈАНИ СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧИ
## (Оглас од 15.09.2016 година)

| Ред. Бр. | Презиме, татково име и име на кандидатот | Адреса, телефон и e-mail | јазик | Број и датум на решение | Основен суд за кој е поставен судскиот преведувач |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЏАФЕРИ Талат БЕСИАНА | Форино ул.200 бб Гостивар 072/222-077 besianaxhaferi@hotmail.com | англиски и германски | 23-3701/2 07.11.2016 | Гостивар |
| 2. | ЛИМАНИ Бектеш МАЈЉИНДА | ул.Крсте Мисирков бр.26 Куманово 078/338-564 majlinda.limani@hotmail.com | албански и англиски | 23-3750/2 07.11.2016 | Куманово |
| 3. | ЛАТИФИ Мустафа ЌАМИЛЕ | ул.Гоце Делчев бр.64 070/529-925 qamile.f@gmail.com | албански и англиски | 23-3751/2 07.11.2016 | Куманово |
| 4. | ОСМАНИ Ментор ЗАНА | ул.7-ми Ноември бр.112 Охрид 071/352-669 zanna.osmani@gmail.com | албански и англиски | 23-3603/2 07.11.2016 | Охрид |
| 5. | АДЕМИ Бујар ЕНИСА | ул.Штипска бр. 46 Тетово 070/605-424 enisa.ademi@gmail.com | албански и англиски | 23-3704/2 07.11.2016 | Тетово |
| 6. | АРСЛАНИ Феми АДИС | Добридол – Гостивар 070/229-897 at.zana@hotmail.com | албански и словенечки | 23-3602/2 07.11.2016 | Гостивар |
| 7. | СУЛЕЈМАНИ Ејуп ЈЕХОНА | ул.Тодор Циповски-Мерџан бр.17-10 Тетово 071/507-853 jehonas91@gmail.com | албански и англиски | 23-3633/2 07.11.2016 | Тетово |
| 8. | ВОЈЕВСКА Светислав ИВАНА | Биљановце – Куманово 078/413-371 ivanavojevska@hotmail.com | албански и хрватски | 23-3702/2 07.11.2016 | Куманово |
| 9. | ИБРАХИМИ Јусуф ИДРИЗ | ул.Струмичка бр.8/1-25 Скопје 070/493-562 idrizibrahimi@yahoo.com | албански и англиски | 23-3760/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 10. | РАМАДАНИ Мифтар ДАИМ | Крушопек ул.1 бр.17 Скопје 070/226-780 fatmirmusa@gmail.com | албански | 23-3748/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 11. | ВИНЦА Шпенд ЕДОНА | ул.ЈНА бр.107 Струга 078/400-385 edonavinca@gmail.com | албански | 23-3737/2 07.11.2016 | Струга |
| 12. | ЏЕМАИЛИ Меди ШЕМСЕДИ | Кондово ул.2 бр.24 Скопје 070/810-859 arijetta@gmail.com | албански | 23-3734/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 13. | АЛИЈА Абдула БУРХАН | Пороj ул.101 бб Тетово 071/275-872 burhanalija@yahoo.com | албански | 23-3733/2 07.11.2016 | Тетово |
| 14. | УСЕИНИ Фејзула ЛУМНИКЕ | ул.Петар Поп Арсов бр.15 Охрид 078/486-051 selmavisar@yahoo.com | албански | 23-3728/2 07.11.2016 | Охрид |
| 15. | САИТИ Хаки ЗАНА | ул.Ресенска бр.9/1-2 Скопје 076/456-769 z.saiti@katastar.gov.mk | албански | 23-3709/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 16. | КАЈА Илир РУДИНА | ул.Стив Наумов бр.11/1-5 Скопје 070/374-636 r.sela@eust.edu.mk | албански | 23-3705/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 17. | ЉАЧКА Енвер СЕНАДА | ул.Зуфер Мусиќ бр.18 Струга 070/896-610 s.lacka@eust.edu.mk | албански | 23-3685/2 07.11.2016 | Струга |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | КАЛА ДАУТИ<br>Сулејман<br>НУРТЕН | Радолишта Струга<br>071/596-985<br>n.kala@eust.edu.mk | албански | 23-3684/2<br>07.11.2016 | Струга |
| 19. | РЕЏЕПИ<br>Ќазамедин<br>ХАМДИЈЕ | ул.Петре Георгиев бр.12А Скопје<br>072/698-908<br>rexhepihamdije@gmail.com | албански | 23-3621/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 20. | ИСМАНИ<br>Исмет<br>ВИЉДАНЕ | Бедиње ул.Т. Додевски-Јовановски<br>бр.61Б Куманово 070/639-576<br>vildane.ismani@hotmail.de | албански | 23-3638/2<br>07.11.2016 | Куманово |
| 21. | ШУЛАЗИ<br>Ќемал<br>ЛИДИЈА | ул.Блаже Биринчето бр.11А Скопје<br>073/223-332<br>lidija_sh@hotmail.com | албански | 23-3650/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 22. | САЉИХИ<br>Аљи<br>ВАЉБОН | Мала Речица ул.167 бр.176 Тетово | албански | 23-3761/2<br>07.11.2016 | Тетово |
| 23. | ИСЛАМИ<br>Нади<br>ФУРКАН | ул.Струшка бр.13-А Тетово<br>071/797-573<br>furkan_illami@hotmail.com | англиски | 23-3645/2<br>07.11.2016 | Тетово |
| 24. | ЗДРАВЕВ<br>Александар<br>ЕМИЛ | ул.Христијан Карпош бр.76 Штип<br>078/589-442<br>e.zdrave@yahoo.com | англиски | 23-3771/2<br>07.11.2016 | Штип |
| 25. | СТЕВКОВСКА<br>Ацо<br>КАТЕРИНА | Орман ул.2 бр.11 Скопје<br>078/917-884<br>katerina_kitanovska21@hotmail.com | англиски | 23-3758/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 26. | ПАСКАЛОВА<br>Иво<br>ДОРА | ул.Васил Ѓоргов бр.29/2-18 Скопје<br>077/812-011<br>dora161210@yahoo.com | англиски | 23-3757/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 27. | ИЛИЕВСКА<br>Ристе<br>СЛАВИЦА | ул.Таќа Бербер бр.50 Крушево<br>075/865-696<br>slavicailievska@hotmail.com | англиски | 23-3754/2<br>07.11.2016 | Крушево |
| 28. | ДЕПИНОВА<br>Васил<br>КАЛИНА | ул.М.Хаџивасилев-Јасмин Скопје<br>077/534-816<br>kdepiniva@yahoo.com | англиски | 23-3743/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 29. | СТОЈЧЕСКИ<br>Божислав<br>АЛЕКСАНДАР | ул.Анкарска 23-36 бр.18/3-5 Скопје<br>072/310-203<br>stojceskia72@gmail.com | англиски | 23-3741/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 30. | НИКОЛОВА<br>Ристо<br>МАРИЈА | ул.Ѓорѓи Стамов бр.12 Гевгелија<br>078/568-076<br>maca_889@yahoo.com | англиски | 23-3739/2<br>07.11.2016 | Гевгелија |
| 31. | ДОДЕВСКА<br>Ацо<br>МОНИКА | Марино ул.504 бр.1 Скопје<br>078/253-014<br>monika.dodevska.90@hotmail.com | англиски | 23-3736/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 32. | БИЏОСКА<br>Кирил<br>АДРИЈАНА | ул.Кленоец бр.61 Скопје<br>070/317-927<br>adrijana_bidzoska@live.com | англиски | 23-3735/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 33. | КРСТЕВА<br>Џоко<br>МАЈА | бул.Партизански одреди бр.27/2-12<br>Скопје 071/831-958<br>maja.krsteva@hotmail.com | англиски | 23-3730/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 34. | ТРАЈКОСКИ<br>Звонко<br>ЈОСИФ | ул.Димо Хаџи Димов бр.1 Прилеп<br>076/345-474<br>josiftajkoski@gmail.com | англиски | 23-3727/2<br>07.11.2016 | Прилеп |
| 35. | РЕЧИ<br>Камиџа<br>ДОРОНТИНА | ул.ЈНА бр.115 Струга<br>077/584-544<br>dorontinaa_r@hotmail.com | англиски | 23-3720/2<br>07.11.2016 | Струга |
| 36. | ГОЧЕВСКИ<br>Златко<br>БОШКО | ул.Благој Кирков бр.8 Велес<br>078/202-443<br>gochevski@hotmail.com | англиски | 23-3717/2<br>07.11.2016 | Велес |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 37. | ТОДОРЧЕВА<br>Ристо<br>МАЈА | ул.Ѓорѓи Соколов-Соко бр.46<br>Кавадарци 076/572-946<br>mayatodorceva@yahoo.com | англиски | 23-3716/2<br>07.11.2016 | Кавадарци |
| 38. | ИЛИЕСКА<br>Петре<br>ИРЕНА | ул.С.Стеваноски-Царчето бр.15 Прилеп<br>075/376-270<br>irenailieska@t-home.mk | англиски | 23-3714/2<br>07.11.2016 | Прилеп |
| 39. | АНГЕЛОВСКА<br>Драган<br>ВАНГЕЛИЦА | ул.Браќа Капчеви бр.7 Велес<br>078/746-684<br>vanja.angelovska@hotmail.com | англиски | 23-3713/2<br>07.11.2016 | Велес |
| 40. | БОШКОВА<br>Борче<br>ДИЈАНА | ул.9-ти Ноември бр.3 Велес<br>075/520-407<br>dijana_boshkova@hotmail.com | англиски | 23-3695/2<br>07.11.2016 | Велес |
| 41. | ТРАЈКОВА<br>Владимир<br>ТАМАРА | ул.Благој Ѓорев бр.58/1-2 Велес<br>077/765-694<br>trajkova_tamara@yahoo.com | англиски | 23-3694/2<br>07.11.2016 | Велес |
| 42. | РЕШИТИ<br>Ејуп<br>ЈАСЕР | Врапчиште ул.100 бб Гостивар<br>071/433-544<br>yaseresit@hotmail.com | англиски | 23-3693/2<br>07.11.2016 | Гостивар |
| 43. | КОВАЧЕВА<br>Сашко<br>ДЕСПИНА | ул.Венијамин Мачуковски бр.22/1-2<br>Скопје 071/973-131<br>despinakovaceva@gmail.com | англиски | 23-3710/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 44. | СТОЈАНОВСКА<br>Благоја<br>МАРИЈА | ул.Кристин Чулаковски-Кичо бр.82<br>Битола 078/424-261<br>marija_bt_90@hotmail.com | англиски | 23-3692/2<br>07.11.2016 | Битола |
| 45. | ЏИМА<br>Александар<br>СИМОНА | ул. Климент Охридски бр.28 Битола<br>078/403-018<br>simona_dzima@yahoo.com | англиски | 23-3691/2<br>07.11.2016 | Битола |
| 46. | ПЕТРОВА<br>Тони<br>МИЛИЦА | ул.Маршал Тито бр.127/2-6 Неготино<br>072/222-126<br>milica_petrova@yahoo.com | англиски | 23-3690/2<br>07.11.2016 | Неготино |
| 47. | ЃИНОСКА<br>Ѓорѓе<br>ИВАНА | ул.Тренко Тасески бр.88 Кичево<br>077/916-143<br>ginoska89@gmail.com | англиски | 23-3681/2<br>07.11.2016 | Кичево |
| 48. | ЛЕПЧЕСКА<br>Иван<br>ТАЊА | ул.Штросмаерова бр.21 Скопје<br>078/213-175<br>tanjalepcheska89@gmail.com | англиски | 23-3680/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 49. | КОТАЛЕСКА<br>Спасе<br>ПАВЛИНА | Лескоец ул.Рашанец бр.43 Охрид<br>070/216-469<br>pavlinakotaleska@yahoo.com | англиски | 23-3607/2<br>07.11.2016 | Охрид |
| 50. | ТИТИЕВА<br>Зоран<br>ТАМАРА | бул.Јане Сандански бр.86/1-20 Скопје<br>070/341-371<br>t.titieva@yahoo.com | англиски | 23-3609/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 51. | МАРТИНОВА-<br>РИСТОВСКА<br>Радо ЗОРИЦА | ул.Гоце Делчев бр.98 Радовиш<br>070/725-622<br>martinovazorica@yahoo.com | англиски | 23-3610/2<br>07.11.2016 | Радовиш |
| 52. | СТОЈАНОСКА<br>РАЛЕВСКА<br>Љупчо ФРОСИНА | ул.Љубица Георгиева бр.11 Скопје<br>070/953-396<br>frosina.sto@gmail.com | англиски | 23-3611/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 53. | ШТИМАЦ<br>Драган<br>СЛАЃАНА | ул.Перо Наков бр.49 Скопје<br>070/424-982<br>sladjana_88@hotmail.com | англиски | 23-3612/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 54. | ВИТЛАРОВА<br>Тодор<br>ТАМАРА | ул.Антон Попов бр.1/3-17 Скопје<br>070/830-587<br>tamaravitlarova@yahoo.com | англиски | 23-3615/2<br>07.11.2016 | Скопје 1<br>и<br>Скопје 2 |
| 55. | ГЕЧЕСКА-<br>ВАСИЛЕВСКА<br>Софронија МАРИНА | ул.Довлеџик бр.24Г Битола<br>076/761-331<br>mgeceska@gmail.com | англиски | 23-3616/2<br>07.11.2016 | Битола |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 56. | НИЧКОВА Тодор ЦВЕТА | ул.Ѓуро Салај бр.15/3-7 Кавадарци 078/350-845 nickovacvetanka@yahoo.com | англиски | 23-3619/2 07.11.2016 | Кавадарци |
| 57. | СТОЈАНОВСКИ Зоран ДАНИЕЛ | ул.Иво Лола Рибар бр.70 Тетово 070/320-019 danielstojanovski.ds@gmail.com | англиски | 23-3622/2 07.11.2016 | Тетово |
| 58. | ШИРГОСКА Пецо СИМОНА | ул.Мито Јовески бр.6 Кичево 078/312-996 simonashirgoska@gmail.com | англиски | 23-3623/2 07.11.2016 | Кичево |
| 59. | КОСКАРОВА Герасим БИЉАНА | ул.Љубашка бр.34 Кавадарци 075/852-811 koskarovabiljana@yahoo.com | англиски | 23-3624/2 07.11.2016 | Кавадарци |
| 60. | МИЦЕВА Блажо ДИЈАНА | ул.Диме Поцев-Ико бр.25 Кавадарци 078/324-589 dijana_miceva324@yahoo.com | англиски | 23-3625/2 07.11.2016 | Кавадарци |
| 61. | КРСТЕВА Миле ЕВИЦА | ул.Беласица бр.22 Кавадарци 078/200-657 evica_krsteva@yahoo.com | англиски | 23-3627/2 07.11.2016 | Кавадарци |
| 62. | СТАНКОВСКИ Слободан ЕЛЕНА | ул.Моша Пијаде бр.53 Крива Паланка 072/226-321 cezarviktor@yahoo.com | англиски | 23-3631/2 07.11.2016 | Крива Паланка |
| 63. | РАДУЛОВИЌ Даница СТЕФАН | бул.Јане Сандански бр.25/1-29 Скопје 078/358-554 stefanradulovic92@gmail.com | англиски | 23-3634/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 64. | НЕЗИРИ Амир АРМЕН | ул.Трпе Броштички бр.32 Дебар 075/328-314 armenneziri@gmail.com | англиски | 23-3635/2 07.11.2016 | Дебар |
| 65. | ЈАНКОВСКА Томе НИКОЛИНА | ул.Маршал Тито бр.101 Струга 070/786-246 nikolinajankovska@gmail.com | англиски | 23-3637/2 07.11.2016 | Струга |
| 66. | КОНДИНСКА Илија АНА | ул.Мукос бр.174А Битола 075/226-686 ana.kondinska@gmail.com | англиски | 23-3639/2 07.11.2016 | Битола |
| 67. | МАРКЕ Суби ВУЛНЕТ | ул.Атанасие Илиќ бр.7 Дебар 070/655-200 vullnetm111@gmail.com | англиски | 23-3641/2 07.11.2016 | Дебар |
| 68. | ЧАНКА Мерсим ДРЕНУШЕ | ул.208 бб Дебар 071/519-777 mersim.canka@hotmail.com | англиски | 23-3642/2 07.11.2016 | Дебар |
| 69. | БОЖИНОВСКА Драган ТЕОДОРА | ул.Хо Ши Мин бр.427А Скопје 078/3652/1 tbozinovska.90@gmail.com | англиски | 23-3652/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 70. | ЛАЗОВА Александар БИЛЈАНА | бул.Јане Сандански бр.17/2-20 Скопје 078/325-277 biljanalazova@yahoo.com | англиски | 23-3706/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 71. | РИСКОВКСИ Наум РЕНО | ул.Дебарца бр.43-15 Скопје 075/428-549 renoris@yahoo.com | англиски | 23-3703/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 72. | РАФАЈЛОВСКА Горан ДИЈАНА | бул.8-ми Септември бр.8/3-3 Скопје 070/228-260 rafajlovskad@gmail.com | германски | 23-3653/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 73. | КОЛЕВА Стојан БИЛЈАНА | ул.П. Михајловски Демирски бр.18/1 Неготино 075/794-912 koleva2007@yahoo.com | германски | 23-3647/2 07.11.2016 | Неготино |
| 74. | МЕРСИНИ Рамис ФЉОРИМ | Речане Гостивар 070/606-367 fmersini@gmail.com | германски | 23-3617/2 07.11.2016 | Гостивар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 75. | ВЛАЌЕСКА Михајло МАРИЈА | ул.Сатеска бр.2/19 Охрид 070/937-371 046/551-022 marijavlakeska@gmail.com | германски | 23-3682/2 07.11.2016 | Охрид |
| 76. | СТОЈАНОВСКА Мите СЛАВИЦА | ул.Бел камен бр.131 Кочани 078/389-385 slavica_donceva@yahoo.com | германски | 23-3686/2 07.11.2016 | Кочани |
| 77. | МИЛОШЕВСКА Николче АЛЕКСАНДРА | ул.1-ви Мај бр.30 Демир Хисар 076/237-470 miloshevskaaleksandra@gmail.com | германски | 23-3746/2 07.11.2016 | Битола |
| 78. | КОЈЧЕВСКА Младен ЖАКЛИНА | ул.Аминта Трети бр.13-6 Скопје 071/382-154 zkojcevska@yahoo.com | германски | 23-3765/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 79. | ЈАШАРИ Раим РАМЕТУЛА | Теново ул.101 бб Тетово 070/896-742 ramo.jashari@icloud.com | германски | 23-3838/2 07.11.2016 | Тетово |
| 80. | МЕНГА Зејни АЈДОАН | ул.Никола Парапунов бр.36 Гостивар 078/220-088 aydoganmenga@live.com | турски | 23-3613/2 07.11.2016 | Гостивар |
| 81. | ИБИШ Иса БЕЛКИС | ул.Караорман бр.24 Битола 075/564-125 belkis-bt@hotmail.com | турски | 23-3608/2 07.11.2016 | Битола |
| 82. | ХАСИЌ Бајрам СЕЈДЕФА | ул.Александар Турунџов бр.12Б Скопје 071/386-940 sejdefa.hasik@finss.mk | турски | 23-3687/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 83. | ОСМАНОВА ТАНЕР Менсур НИНЃУЉ | бул.АСНОМ бр.8/1-32 Скопје 071/967-448 eylul_88_mk@hotmail.com | турски | 23-3721/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 84. | МУРТЕЗАН-ИБРАХИМИ Ибраим СЕЈХАН | ул.Струмичка бр.8/1-25 Скопје 070/581-534 smurtezanibrahimi@gmail.com | турски | 23-3723/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 85. | АЏИ МУСТАФА Скендер СЕМРА | ул.7-ми Ноември бр.139 Охрид 072/321-943 semraaciohr@yahoo.com | турски | 23-3729/2 07.11.2016 | Охрид |
| 86. | КУРТ Исмаил ОЗЛЕМ | Конче Радовиш 071/803-642 ozlemkurt90@hotmail.com | турски | 23-3747/2 07.11.2016 | Радовиш |
| 87. | ТУРКЕШИ Един ТОФИК | ул.Ленинова бр.13 Дебар 071/561-823 tofikturkeshi@gmail.com | италијански | 23-3632/2 07.11.2016 | Дебар |
| 88. | КОЧИЕВА Киро ЕЛЕНА | ул.Радовишка бр.15 Штип 077/928-134 elenakocieva@hotmail.com | италијански | 23-3620/2 07.11.2016 | Штип |
| 89. | СОТИРОВА Петре КОНСТАНТИНА | ул.Балзакова бр.16 Скопје 077/978-429 sotirova97@gmail.com | италијански | 23-3711/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 90. | САРЏОСКА Павле НАТАША | ул.Антоние Грубишиќ бр.3 Скопје 070/440-637 natasha.sar@gmail.com | италијански | 23-3725/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 91. | ТАИРОВИЌ А сим ОРХАН | Сингелиќ ул.10 бр.14 Скопје 071/622-498 azzurri_oli@hotmail.com | италијански | 23-3759/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 92. | ТИШОВСКА Жарко МАЈА | ул.Пандил Шишков бр.18-1 Скопје 070/547-232 tishovska@gmail.com | француски | 23-3629/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 93. | САВЕСКА Крсте ЕЛЕНА | ул.Ангел Димовски бр.8/6-8 Скопје 071/467-074 enisaveska@yahoo.fr | француски | 23-3749/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 94. | НАСТЕСКА Митре МИЛЕНА | ул.29-ти Ноември бр.23 Градско Велес 076/919-453 milena.nasteska@yahoo.com | француски | 23-3738/2 07.11.2016 | Велес |
| 95. | МИЛКОВИЌ Зоран ХРИСТИНА | ул.Моша Пијаде бр.18-1 Куманово 078/229-915 milkovichristina@hotmail.com | француски | 23-3708/2 07.11.2016 | Куманово |
| 96. | ПЕТРОВСКА Владо АНА | ул.Пржино бр.19 Скопје 075/684-613 ana_petrovska92@hotmail.com | француски | 23-3707/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 97. | МАНЕСКА Зоран СИМОНА | ул.Чеде Филипоски бр.17 Гостивар 078/845-209 078/601-157 simona_maneska@yahoo.com | словенечки | 23-3626/2 07.11.2016 | Гостивар |
| 98. | МИХТАРОСКИ Исмет ЕМРАХ | с. Лисичани – Кичево 076/223-372 emrah_mihtaroski@hotmail.com | словенечки | 23-3689/2 07.11.2016 | Кичево |
| 99. | МИТЕВА Стојанче МАРИЈА | ул.Јаким Стојковски бр.94 Пробиштип 070/293-812 mariailjova@yahoo.com | српски | 23-3744/2 07.11.2016 | Штип |
| 100. | СТОЈАНОВСКА Најдо БИЉАНА | ул.Лавчански пат бр.23В Битола 071/684-841 biljanastojanovskabs@gmail.com | хрватски | 23-3762/2 07.11.2016 | Битола |
| 101. | МИКУЛЕЦ Мато ИВАН | ул.Серска бр.13Б Скопје 070/307-254 micomik@yahoo.com | хрватски | 23-3718/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 102. | ЈАНЕВСКА Миланче МАРИНА | ул.Филип Втори Македонски бр.92-4 Битола 075/894-420 mar.in-a@hotmail.com | бугарски | 23-3605/2 07.11.2016 | Битола |
| 103. | СТОЈАНОВСКА Славче СТЕФАНИЈА | ул.17-та Мак. бригада бр.27/В Крива Паланка 072/313-744 stefanija.stojanovska@hotmail.com | бугарски | 23-3688/2 07.11.2016 | Крива Паланка |
| 104. | НЕСТОРОСКИ Воислав СТЕФАН | с.Радожда Струга 075/521-540 stefan.nestoroski@hotmail.com | бугарски | 23-3731/2 07.11.2016 | Струга |
| 105. | ИВАНОВСКА Јон АЛИНА | ул.15-ти Корпус бр.46 Битола 075/471-825 alinaivanovska@msn.com | романски | 23-3745/2 07.11.2016 | Битола |
| 106. | ЧУНКОСКИ Кочо МИХАЈЛО | ул.Нико Доага бр.15 Крушево 077/531-916 mihajlo.cunkoski@yahoo.com | романски | 23-3752/2 07.11.2016 | Крушево |
| 107. | ТАБАТАДЗЕ-АРСОВСКА Вахтанг ЕКАТЕРИНА | бул.В.Смилевски Бато бр.75/2-23 Скопје 070/364-377 ekatabatadze05@yahoo.com | руски | 23-3700/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 108. | ЦОНЕВА Драган АЛЕКСАНДРА | ул.Димитар Влахов бр.12 Виница 077/627-677 a.coneva1@gmail.com | холандски | 23-3724/2 07.11.2016 | Виница |
| 109. | КАРКАМИШЕВА Златко ЈАСМИНА | ул.Стале Попов бр.1 Битола 075/616-512 jpetrovska@yahoo.com | грчки | 23-3628/2 07.11.2016 | Битола |
| 110. | ЕМИНИ Икмет НЕХАТ | с.Арнакија ул.3 бр.75А Сарај Скопје 070/220-274 nehat.emini@hotmail.com | арапски | 23-3649/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 111. | МУСЛИОВСКИ Гафур ФЕВЗИ | Студеничани ул.3 бр.60 Скопје 070/208-218 fevzimusliu@yahoo.com | арапски | 23-3764/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 112. | ДАУД Резик АХМАД | ул.Борис Сарафов бр.119Б Скопје 077/644-874 a_daud56@hotmail.com | арапски | 23-3756/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |
| 113. | ДАУД Ахмад ТАИЛА | ул.Борис Сарафов бр.119Б Скопје 078/848-212 taila.daud@yahoo.com | арапски | 23-3755/2 07.11.2016 | Скопје 1 и Скопје 2 |

Министер,
**Валдет Џафери**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**4717.**

Врз основа на член 8-б став 14 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија” бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16 и 71/16), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧ ЗА УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ И НА СЕРТИФИКАТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот.

Член 2

Пријавувањето за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки, се врши со поднесување на пријава до Министерството за транспорт и врски, најдоцна три дена пред денот на полагањето на испитот.

Член 3

Испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки се одржува најмалку еднаш месечно.

Датумите за одржување на испитот се објавуваат на ВЕБ страната на Министерството за транспорт и врски (www.mtc.gov.mk) најдоцна еден месец пред одржувањето на испитот.

Член 4

Пред почетокот на полагањето на испитот Комисијата за полагање на испит за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки (во понатамошниот текст: Комисија), го проверува и утврдува идентитетот на кандидатите.

Доколку се утврди дека некој од кандидатите не го исполнува условот од ставот 1 на овој член истиот не може да го полага испитот.

Член 5

Испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки, е теоретски и се полага писмено во форма на тест.

Член 6

Тестот за полагање на испитот од член 5 од овој правилник се состои од 45 прашања од тематските области определени во член 9 став 1 од овој правилник, на кои одговорот се дава со заокружување на точниот одговор од петте понудени опции.

Испитот трае 90 минути.

Член 7

Успехот на кандидатот Комисијата го оценува со „положил” или „не положил”.

Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 60% од вкупниот број на предвидени позитивни поени.

Член 8

На барање на кандидатот Комисијата му ги соопштува грешките кои ги направил при полагањето на испитот.

Член 9

Програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки ги опфаќа следните тематски области:

1. безбедност на сообраќајот на патиштата,
2. меѓународен превоз на стоки и
3. меѓународен превоз на патници.

Програмата од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 10

Комисијата до одговорното лице доставува список на кандидати кои присуствувале на испитот и список на кандидати кои го положиле испитот.

Комисијата води записник за текот на полагањето на испитот, кој ги содржи следните податоци: датум и место на одржување на испитот, состав на испитната комисија, вкупен број на кандидати кои го полагале испитот, вкупен број на кандидати кои го положиле и кои не го положиле испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот и сите членови на комисијата.

Член 11

Уверението за положен испит за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки (во понатамошниот текст: Уверение), се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Образецот на уверението од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци: грб на Република Македонија; Република Македонија; Министерство за транспорт и врски; натпис:„Уверение за положен испит за добивање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки"; број на уверението; име, име на еден од родителите и презиме; датум и место на раѓање; адреса; датум на одржување на испитот; место за печат и потпис.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

Сертификатот за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки (во понатамошниот текст: Сертификат), се издава на образец во А4 формат на хартија во светло жолта боја.

Сертификатот од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци: знаме на Република Македонија во боја; Република Македонија; Министерство за транспорт и врски; натпис: „Сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки"; број на сертификатот; име, име на еден од родителите и презиме; датум и место на раѓање; адреса;датум на издавање; важност на сертификатот; место за печат и потпис. На образецот е отпечатен грбот на Република Македонија кој е во светло сива боја во позадина на текстот.

Формата и содржината на сертификатот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/07, 4/08, 20/09, 149/09, 38/12, 88/12 и 127/14).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-14720
21 ноември 2016 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Владо Мисајловски**, с.р.

**Прилог 1**

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧ**

1. Безбедност на сообраќајот на патиштата
- максимално дозволени периоди на работа специфични за професионалните возачи;
- принципи и примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и АЕТР спогодбата кои се однесуваат на возачките часови;
- казни за неупотребување, несоодветно употребување и намерно оштетување на тахографот.
- ефекти од алкохол, дроги или други супстанции кои влијаат на однесувањето;
- видови на незгоди во патниот превоз (проценка на ситуација и избегнување на незгода, давање на прва помош на повредени, повикување на итни служби за давање на помош, постапки во случај на пожар и друго);

2. Меѓународен превоз на стоки
- познавање на правната регулатива и потребната документација за извршување на овој вид на превоз;
- видови на меѓународни дозволи за извршување на превоз;
- основни познавања за ТИР Конвенцијата;
- основни познавања од АДР Спогодбата;
- основни познавања на ЦМР Конвенцијата;
- основни познавања на АТП Спогодбата;
- основни познавања при превоз на жива стока;
- основни познавања од шпедитерската дејност и соработка со шпедитерските фирми;
- распоред на товарот, последици од осно преоптоварување;
- стабилност на возилото и центар на гравитација;
- видови на пакувања и палети;
- техники на прицврстување и обезбедување;
- користење на сигурносни ленти (гуртни), средства за обезбедување, друга прирачна опрема, одржување на церадите.

3. Меѓународен превоз на патници
- познавање на правната регулатива и потребната документација за извршување на овој вид на превоз;
- видови на превоз (линиски и слободен);
- основни познавања на ИНТЕРБУС Спогодбата;
- потребна документација за извршување на одделни видови на превоз;
- Обезбедување комфор и безбедност на патниците:
- регулирање на надолжните и страничните движења, поставеност во однос на патните ленти, „мазно" кочење;
- користење на специфична инфраструктура (јавни површини, посебни ленти);
- комуникација со патниците;
- специфичности на одредени групи на патници (лица со посебни потреби, деца).

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

# УВЕРЕНИЕ

**ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧ ЗА УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКИ**

Број ___________

______________________________________________

(име, име на еден од родителите, презиме)

______________________________________________

(датум и место на раѓање)

______________________________________________

(адреса)

Датум на одржување на испитот,

_____________________________ м.п. _______________________________

Прилог бр. 3

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIC OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ / MINISTRY OF TRANSPORT AND COMMUNICATIONS

# СЕРТИФИКАТ / CERTIFICATE

**ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧ** за учество во меѓународен превоз на патници и стоки / **OF PROFESSIONAL COMPETENCE OF A DRIVER** to participate in the international transport of passengers and goods

Број / No. __________

(име, име на еден од родителите, презиме / name, name of one of the parents, family name)

(датум и место на раѓање / date and place of birth)

(адреса / address)

Датум на издавање
Date of issue

Важи до (датум)
Until (date)

Министер за транспорт и врски
Minister of Transport and Communications

**4718.**

Врз основа на член 30 став 11 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11, 54/11, 115/14, 193/15 и 37/16) министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ
НА МЕМОРИСКИ КАРТИЧКИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето и начинот на издавање на мемориски картички.

Член 2

Барањето за издавање на мемориска картичка се поднесува на хартија во бела боја во формат А4.

Формата и содржината на барањето за издавање на возачка картичка се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Формата и содржината на барањето за издавање на картичка на превозникот се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Формата и содржината на барањето за издавање на работилничка картичка се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Формата и содржината на барањето за издавање на контролна картичка се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за издавање на мемориска картичка се поднесува во еден примерок на соодветното барање од член 2 на овој правилник во зависност од видот на мемориската картичка за секој подносител.

Член 4

Барањето за издавање на мемориска картичка се поднесува до овластеното лице за издавање на мемориски картички (во натамошниот текст: издавач на картички).

Член 5

Мемориските картички се издаваат по поднесено барање од член 4 на овој правилник и потребните документи согласно член 30 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, во рок од 15 дена од денот на поднесување на комплетното барање. Изработената мемориска картичка барателот лично ја подигнува од издавачот на мемориски картички.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето и постапката за издавање на мемориски картички („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/10 и 99/14).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-14721
21 ноември 2016 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Владо Мисајловски**, с.р.

Прилог 1

Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Назив на овластен издавач
на мемориски картички

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА КАРТИЧКА

Во оваа рамка залепете ја својата фотографија

45 mm

35 mm

Сликата мора да го прикажува сегашниот изглед на возачот

Потпис на возачот

Потписот не смее да излегува од рамката на ова поле

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАЊЕТО

☐ барање за прво издавање
☐ барање за продолжување

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ:**
☐ изгубена ☐ украдена ☐ одземена
☐ неисправна/оштетена

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА:**
☐ личните податоци (промена на името, презимето)

## 2. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗАЧОТ

Име ........................................................................................................................

Презиме ..................................................................................................................

Пол ☐ машки ☐ женски

ЕМБГ ............................................................ датум на раѓање Д.......... М.......... Г ..................

Место на раѓање...............................................

Држава на раѓање.......................................... мајчин јазик ............................................

**Адреса на постојано живеење:** улица ...........................................................................

број.............................. поштенски број.............................. место ..............................................

држава .....................................................................................................................

Број на претходната картичка ..........................................................................................

## 3. ПОДАТОЦИ ОД ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА

Број на возачката дозвола ................................................ датум на издавање Д .......... М.......... Г..................

Држава која ја издала возачката дозвола ...............................................................................

Назив на органот кој ја издал возачката дозвола .....................................................................

Категорија на возачката дозвола .................................................

## 4. НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА КАРТИЧКАТА ☐ лично ☐ по пошта

**НЕЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ**

телефон.................................................................

мобилен телефон.................................................

електронска пошта..............................................

.................................................................
(потпис на подносителот на барањето)

Изјавувам дека сите податоци наведени во барањето се вистинити, точни и потполни.
Изјавувам дека се согласувам издавачот на картички да ги користи податоците, и да ги доставува на органи, тела и поединци кои со закон се овластени за нивно добивање во Република Македонија и во странство, пред се на телата за издавање на картички во било која држава во рамките на спогодбата AETP.
Изјавувам дека не сум сопственик на возачка картичка издадена во било која држава согласно АЕТР спогодбата.
На носителот на јавното овластување му дозволувам по службена должност да ја провери вистинитоста на изјавата и да ги побара моите лични податоци од службената евиденција која ја водат управните и други државни органи, органите на општините или носители на јавни овластувања. Изјавувам дека сум запознат/запозната со условите за издавање и употреба на тахографската картичка. За својата изјава ја преземам целата материјална и кривична одговорност.
Со потпишувањето на оваа изјава дозволувам изведување на сите работи поврзани со обработка на податоците наведени во барањето за издавање на картичката и на податоците добиени од службените евиденции, што опфаќа и право на архивирање, организирање, увид, како и пренос на тие податоци за време на важење на картичката и по престанокот на незината важност, се додека е тоа потребно за постигнување на целта заради која податоците се собрани, обработени и подготвени.
Исто така изјавувам дека сум запознат/запозната со тоа дека податоците кои ќе ги дадам ќе се пренесуваат во Република Македонија и во странство по електронски пат.

| | |
|---|---|
| .................................................................................<br>(место и датум) | ...............................................................<br>(потпис на возачот) |

**Кон барањето се поднесува следната документација:**

- ☐ копија од личната карта на возачот или на патната исправа (само за странци)
- ☐ копија од возачката дозвола
- ☐ доказ за уплата на износот за издавање на картичката
- ☐ во случај на замена на картичката поради промена на името, презимето - документ од кој се утврдува промената на личните податоци
- ☐ пријава за изгубена или украдена картичка објавена во Службен весник на Република Македонија

- за странци:

- ☐ 1. потврда за привремен престој или лична карта за странци
- ☐ 2. работна дозвола

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

Податоците кои се прибираат согласно овој образец потребни се за издавање на возачка картичка која гласи на име на возачот. Издавачот на картички, наведените податоци должен е да ги прибира согласно Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. Тие податоци ги обработува издавачот на картички, а согласно законот можат да ги контролираат контролните органи.

Прилог 2

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

Назив на овластен издавач
на мемориски картички

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КАРТИЧКА ЗА ПРЕВОЗНИК

**Потпис на овластеното лице**

Потписот не смее да излегува од рамката на ова поле

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАЊЕТО

☐ барање за прво издавање
☐ барање за продолжување

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ:**
☐ изгубена ☐ украдена
☐ неисправна/оштетена

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА:**
☐ назив,седиште и форма на фирмата
☐ замена на овластеното лице, промена на личните податоци на овластеното лице

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕВОЗНИКОТ

Назив на превозникот, име и презиме на превозникот(ако е физичко лице)

..............................................................................................................................

Скратен назив на превозникот испишан на картичката ..............................................

**Адреса:** улица ..............................................................................................

куќен број ............................ поштенски број ........................... место ..........................................

Матичен број.........................................................................................

Законски застапник (име и презиме)..........................................................................

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ (корисник/корисничка на картичката)

Име ..............................................................................................................

Презиме .........................................................................................................

Пол ☐ машки ☐ женски, ЕМБГ ........................................ датум на раѓање Д.......... М.......... Г...................

Место на раѓање........................... Држава на раѓање ............................... мајчин јазик ..............................

**Адреса на постојано живеење:** улица ...........................................................................

број .............. поштенски број.............. . место ........................... држава ..........................................

Број на претходната картичка.......................................................................................

### 4. НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА КАРТИЧКАТА ☐ лично ☐ по пошта

**НЕЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ**

телефон.................................................................

мобилен телефон.....................................................

електронска пошта..................................................

..............................................................
(потпис на подносителот на барањето)

На носителот на јавното овластување му дозволувам по службена должност да ја провери вистинитоста на изјавата и да ги побара моите лични податоци од службената евиденција која ја водат управните и други државни органи, органите на општините или носители на јавни овластувања. Изјавувам дека сум запознат со условите за издавање и употреба на тахографската картичка. За својата изјава ја преземам целата материјална и кривична одговорност.

Со потпишувањето на оваа изјава дозволувам изведување на сите работи поврзани со обработка на податоците наведени во барањето за издавање на картичката и на податоците добиени од службените евиденции, што опфаќа и право на архивирање, организирање, увид, како и пренос на тие податоци за време на важење на картичката и по престанокот на незината важност, се додека е тоа потребно за постигнување на целта заради која податоците се собрани, обработени и подготвени.

Исто така давам изрична согласност за доставување на личните податоци на органи, тела и поединци кои со закон се овластени за нивно добивање во Република Македонија и во странство, пред се на телата за издавање на картички во било која држава во рамките на спогодбата АЕТР.

Исто така изјавувам дека сум запознат/запозната со тоа дека податоците кои ќе ги дадам ќе се пренесуваат во Република Македонија и во странство по електронски пат.

| | |
|---|---|
| ............................................................. | ............................................ |
| (место и датум) | (потпис на овластено лице) |

**Кон барањето се поднесува следната документација:**

- ☐ тековна состојба не постара од шест месеци за правното лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија
- ☐ доказ за уплата на износот за издавање на картичката
- ☐ копија од службениот записник или доказ за поништување
- ☐ поништувањето мора да содржи податоци за видот и бројот на картичката, како доказ може да послужи барањето за поништување
- ☐ пријава за изгубена или украдена картичка објавена во Службен весник на Република Македонија
- ☐ документ од кој се утврдуваат промените за личните податоците (во случај на замена на картичката поради промена на називот на правното лице)

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

Податоците кои се прибираат согласно овој образец потребни се за издавање на картичка на превозникот. Издавачот на картички, наведените податоци должен е да ги прибира согласно Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. Тие податоци ги обработува издавачот на картички, а согласно законот можат да ги контролираат контролните органи.

Прилог 3

Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Назив на овластен издавач на мемориски картички

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТИЛНИЧКА КАРТИЧКА

Во оваа рамка залепете ја својата фотографија

45 mm

35 mm

Сликата мора да го прикажува сегашниот изглед на техничкото лице

Потпис на техничкото лице

Потписот не смее да излегува од рамката на ова поле

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАЊЕТО

☐ барање за прво издавање
☐ барање за продолжување

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ:**
☐ изгубена ☐ украдена
☐ неисправна/оштетена

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА:**
☐ податоците за работилницата (фирма, седиште, форма)
☐ лични податоци на техничкото лице (промена на име, презиме)

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТИЛНИЦАТА

Назив на работилницата, име и презиме на превозникот(ако е физичко лице)

..............................................................................................................................................

Скратен назив на работилницата испишан на картичката ..............................................................

**Адреса:** улица ..............................................................................................................

куќен број ............................... поштенски број ............................ место ..............................................

Матичен број.........................................................................................

Законски застапник (име и презиме)........................................................................................

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ТЕХНИЧКОТО ЛИЦЕ (корисник/корисничка на картичката)

Име ..............................................................................................................................

Презиме .........................................................................................................................

Пол ☐ машки ☐ женски, ЕМБГ ......................................... датум на раѓање Д......... М......... Г..................

Место на раѓање........................... Држава на раѓање ............................... мајчин јазик ............................

**Адреса на постојано живеење:** улица ..............................................................................

број ............... поштенски број............... место .............................. држава ..........................................

Број на претходната картичка ...................................................................................................

## 4. НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА КАРТИЧКАТА

☐ лично ☐ по пошта

**НЕЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ**

телефон.................................................................

мобилен телефон.....................................................

електронска пошта...................................................

...........................................................
(потпис на подносителот на барањето)

Изјавувам дека сите податоци наведени во барањето се вистинити, точни и потполни.
На носителот на јавното овластување му дозволувам по службена должност да ја провери вистинитоста на изјавата и да ги побара моите лични податоци од службената евиденција која ја водат управните и други државни органи, органите на општините или носители на јавни овластувања. Изјавувам дека сум запознат/запозната со условите за издавање и употреба на тахографската картичка. За својата изјава ја преземам целата материјална и кривична одговорност.
Со потпишувањето на оваа изјава дозволувам изведување на сите работи поврзани со обработка на податоците наведени во барањето за издавање на картичката и на податоците добиени од службените евиденции, што опфаќа и право на архивирање, организирање, увид, како и пренос на тие податоци за време на важење на картичката и по престанокот на нејзината важност, се додека е тоа потребно за постигнување на целта заради која податоците се собрани, обработени и подготвени.
Изјавувам дека се согласувам издавачот на картички да ги користи податоците и да ги доставува на органи, тела и поединци кои со закон се овластени за нивно добивање во Република Македонија и во странство, пред се на телата за издавање на картички во било која држава во рамките на спогодбата АЕТР.
Исто така изјавувам дека сум запознат/запозната со тоа дека податоците кои ќе ги дадам ќе се пренесуваат во Република Македонија и во странство по електронски пат.

| | |
|---|---|
| ............................................................... | ............................................ |
| (место и датум) | (потпис на техничкото лице) |

**Кон барањето се поднесува следната документација:**

- ☐ тековна состојба не постара од шест месеци за правното лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија
- ☐ копија од личната карта или патната исправа (само за странци) од техничкото лице
- ☐ копија од возачката дозвола на техничкото лице
- ☐ потврда за стручна оспособеност на техничкото лице за дигитален тахограф не постара од три години
- ☐ копија од овластувањето на Министерството за транспорт и врски за работилницата
- ☐ доказ за уплата на износот за издавање на картичката
- ☐ копија од службениот записник или доказ за поништување
- ☐ поништувањето мора да содржи податоци за видот и бројот на картичката, како доказ може да послужи барањето за поништување
- ☐ пријава за изгубена или украдена картичка објавена во Службен весник на Република Македонија
- ☐ документ од кој се утврдуваат промените за личните податоците (во случај на замена на картичката поради промена на името и презимето)

Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Податоците кои се прибираат согласно овој образец потребни се за издавање на работилничка картичка која гласи на име на техничкото лице. Издавачот на картички, наведените податоци должен е да ги прибира согласно Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. Тие податоци ги обработува издавачот на картички, а согласно законот можат да ги контролираат контролните органи.

Прилог 4

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

Назив на овластен издавач на мемориски картички

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНТРОЛНА КАРТИЧКА

Во оваа рамка залепете ја својата фотографија

45 mm

35 mm

Сликата мора да го прикажува сегашниот изглед на контролното лице

**Потпис на контролното лице**
**идентификувано од органот за надзор**

Потписот не смее да излегува од рамката на ова поле

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАЊЕТО

☐ барање за прво издавање
☐ барање за продолжување

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ:**
☐ изгубена ☐ украдена
☐ неисправна/оштетена

**ЗАМЕНА НА КАРТИЧКАТА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА:**
☐ на податоците на органот за надзор
☐ лични податоци на контролното лице (промена на име, презиме)

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР

Назив на органот за надзор

..........................................................................................................................................

**Адреса:** улица ..........................................................................................................

број ........................................ поштенски број ............................ место ..................................................

Матичен број.............................................................................................

Одговорно лице на контролниот орган (име и презиме)........................................................................

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТРОЛНОТО ЛИЦЕ (корисник/корисничка на картичката)

Име ..........................................................................................................................

Презиме ....................................................................................................................

Пол ☐ машки ☐ женски, ЕМБГ ........................................ датум на раѓање Д.......... М.......... Г..................

Место на раѓање............................ Држава на раѓање ............................... мајчин јазик ...............................

**Адреса на постојано живеење:** улица ................................................................................

број ............... поштенски број ............... место ........................... држава ...........................................

Број на претходната картичка ....................................................................................................

### 4. НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА КАРТИЧКАТА ☐ лично ☐ по пошта

**НЕЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ**

телефон.................................................................

мобилен телефон...................................................

електронска пошта.................................................

...............................................................
(потпис на одговорното лице)

Изјавувам дека сите податоци наведени во барањето се вистинити, точни и потполни.
На носителот на јавното овластување му дозволувам по службена должност да ја провери вистинитоста на изјавата и да ги побара моите лични податоци од службената евиденција која ја водат управните и други државни органи, органите на општините или носители на јавни овластувања. Изјавувам дека сум запознат/запозната со условите за издавање и употреба на тахографската картичка. За својата изјава ја преземам целата материјална и кривична одговорност.
Со потпишувањето на оваа изјава дозволувам изведување на сите работи поврзани со обработка на податоците наведени во барањето за издавање на картичката и на податоците добиени од службените евиденции, што опфаќа и право на архивирање, организирање, увид, како и пренос на тие податоци за време на важење на картичката и по престанокот на незината важност, се додека е тоа потребно за постигнување на целта заради која податоците се собрани, обработени и подготвени.
Исто така давам изричита согласност за доставување на личните податоци на органи, тела и поединци кои со закон се овластени за нивно добивање во Република Македонија и во странство, пред се на телата за издавање на картички во било која држава во рамките на спогодбата AETP.
Исто така изјавувам дека сум запознат/запозната со тоа дека податоците кои ќе ги дадам ќе се пренесуваат во Република Македонија и во странство по електронски пат.

| ........................................ | ........................................ | ........................................ |
|---|---|---|
| (место и датум) | (потпис на одговорното лице) | (потпис на контролното лице) |

**Кон барањето се поднесува следната документација:**

- ☐ копија од личната карта на контролното лице
- ☐ копија од овластување од надлежен орган за вршење на надзор
- ☐ доказ за уплата на износот за издавање на картичката
- ☐ копија од службениот записник или доказ за поништување
- ☐ поништувањето мора да содржи податоци за видот и бројот на картичката, како доказ може да послужи барањето за поништување
- ☐ пријава за изгубена или украдена картичка објавена во Службен весник на Република Македонија
- ☐ документ од кој се утврдуваат промените за личните податоците (во случај на замена на картичката поради промена на името и презимето)

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

Податоците кои се прибираат согласно овој образец потребни се за издавање на контролна картичка која гласи на контролното лице. Издавачот на картички, наведените податоци должен е да ги прибира согласно Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. Тие податоци ги обработува издавачот на картички, а согласно законот можат да ги контролираат контролните органи.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4719.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 ноември 2016 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 158 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија на иницијативи поднесени од Адвокатското друштво „Тошиќ и Јевтиќ" и адвокатот Зоран Величкоски од Скопје, со Решение У.бр.87/2015 од 25 мај 2016 година поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот член од Законот со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 158 од Законот за прекршоците, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

5. Согласно член 8 став 1 алинеите 1 и 3 од Уставот на Република Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според членот 52 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Тргнувајќи од содржината на цитираните уставни одредби произлегува дека уставното начело за забрана на повратното дејство на законите значи забрана на примена на законите во правни ситуации и односи што настанале пред нивното влегување во сила, односно законите дејствуваат само врз новите правни ситуации и односи што настануваат по нивното влегување во сила. Исклучок од ова уставно начело е ако повратното дејство на законот е поповолно за граѓаните.

Според член 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), со овој закон се уредуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции, забрзаните прекршочни постапки и се пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно прекршочните органи.

Согласно членот 2 од Законот, за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Во членот 54 став 1 од Законот за прекршоци е определено дека прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд. Во ставот 2 на овој член е определено дека за одделни прекршоци определени со закон прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган. Согласно ставот 3 на истиот член од законот, против конечната одлука за прекршок се гарантира судска заштита.

Правото на жалба против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган е гарантирано со членот 74 од Законот за прекршоци и таа може да се поднесе во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку прекршочниот орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, основана со посебен закон (во натамошниот текст: Државната комисија).

Во правниот систем на Република Македонија до 2014 година не беше регулирано правото на жалба против одлуките за прекршок донесени од орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, кога со закон е пропишано тие да одлучуваат во прекршочна постапка. Во овие случаи лицето против кое е донесена таква одлука имаше право директно да поведе управен спор, што доведе до пренатрупаност на Управниот суд. Со цел да се надмине ваквата состојба, како и да им се овозможи право на жалба на граѓаните против одлуките донесени во прекршочна постапка пред органите на државната управа, беше донесен закон со кој се основа Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Според член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2014), државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што

се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка. Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Според член 2 став 1 од Законот, Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице.

Според член 3 од Законот, Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се избираат за период од пет години со право на повторен избор.

Според член 13 од Законот, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 февруари 2015 година.

Од содржината на оспорената одредба од член 158 од Законот за прекршоците произлегува дека таа одредба е поврзана со останатите преодни и завршни одредби од Законот за прекршоците, како и со преодните и завршните одредби на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бил донесен на 1 септември 2014 година, бил објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2014 од 3 септември 2014 година, а започнал да се применува од 1 февруари 2015 година.

Законот за прекршоците бил донесен на 22 јули 2015 година, бил објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015 од 23 јули 2015 година, а според оспорената одредба од членот 158, тој требало да започне да се применува на 1 февруари 2015 година.

Од наведеното произлегува дека иако Законот за прекршоците бил донесен во јули 2015 година, тој требало да се применува од 1 февруари 2015 година, значи пред да биде донесен и објавен, што практично значи дека тој има ретроактивно дејство.

Во однос на исклучокот од уставната забрана на ретроактивното дејство, односно допуштеноста на повратното дејство ако тоа е поповолно за граѓаните, Уставниот суд укажува дека оценката за тоа дали еден закон е поповолен или не, особено во сферата на казненото право има свои специфичности. Утврдувањето дали еден нов закон е поблаг се прави во однос на точно определен сторител и конкретно казниво дело што му се става на товар на тој сторител. Значи не постои апстрактно и воопштено споредување на строгоста на казнените закони. За ова прашање се одлучува во моментот на изрекувањето на кривичната или прекршочната санкција и во врска со неа, при што се утврдува кој од законите би довел до поповолен исход на постапката во однос на конкретниот сторител. Токму од тие причини, принципот на примена на поповолен закон во областа на казненото право законодавецот во членот 3 од Кривичниот законик го врзал за конкретен сторител на казнено дело, а не воопшто и апстрактно.

Според оценката на Судот, примената на принципот на поблагиот закон (lex mitior) е прашање на судот што го применува законот во конкретни случаи, а не е прашање на законодавецот, ниту пак на Уставниот суд. Уставната одредба од членот 52 став 4 забранува законите да имаат ретроактивно дејство, (со предвидениот исклучок за поповолниот закон), но од неа не произлегува обврска законодавецот во законите од кривичноправната област во преодните и завршните одредби задолжително да предвиди ретроактивна примена на поблагиот закон, од причина што тоа е прашање за коешто решава судот кој одлучува за казнено-правната одговорност и санкцијата на конкретен сторител на казниво дело. Значи прашањето за примената на поблагиот закон за сторителите на казниви дела е конкретно прашање што се оценува од случај до случај од страна на кривичниот суд, а не е прашање кое воопштено би го утврдувал законодавецот, ниту пак прашање кое што апстрактно би го проценувал Уставниот суд во постапката за оценката на уставноста.

Принципот на владеењето на правото го обврзува законодавецот да конципира прецизни, недвосмислени и јасни норми, бидејќи само таквите правни норми можат да претставуваат солидна основа за постапување од страна на државните органи, што значи дека само јасните и прецизните норми ја гарантираат правната сигурност на граѓаните како составен дел на принципот на владеењето на правото. Владеењето на правото, подразбира доследна примена на законските прописи, кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислени формулирани правила. Ова особено е значајно за сферата на казненото право со оглед на репресивната природа на казнено-правните санкции и нивниот потенцијал да навлезат во основните човекови права. Судот оцени дека оспорената одредба од членот 158, анализирана во контекст на останатите преодни и завршни одредби од Законот за прекршоците, има за последица ретроактивно важење на Законот и создава правна несигурност што е во спротивност со уставното начело на владеењето на правото и забраната на ретроактивно дејство на законите, поради што оцени дека таа не е во согласност со уставната одредба од член 8 став 1 алинеја 3 и член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија.

6. Тргнувајќи од наведеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Елена Гошева, Исмаил Дарлишта, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати, д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

У. бр. 87/2015
9 ноември 2016 година
Скопје

Уставен суд на Република Македонија
Претседател,
**Никола Ивановски**, с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4720.**

Врз основа на член 2 став 1 точка 2 и член 153 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), како и врз основа на член 10 став 2 и член 12-а од Правилникот за начин и време на запишување и бришење на акционерско друштво, содржина и начин на водење, ажурирање на податоците и пристап на јавноста до Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2007, 31/2011, 76/2013 и 84/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 21.11.2016 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА БРИШЕЊЕ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ОД РЕГИСТАРОТ НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

1. Друштвото за производство и промет на фармацевтски производи ИЦН-ФАРМ АД Скопје СЕ БРИШЕ од Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, поради стечај.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 10-85
21 ноември 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016211